32465

CLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP

pres-kliping • press-clipping

(Osnovano 1952. godine)

OSNIVAČ SNJ

JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674

Isečak iz lista
Newspaper cutting

МЛАД БОРЕЦ
СКОПЈЕ

1482/10

24. IV. 1985

Субкултура во ликовната уметност

# ИГРА ОД ВТОР РЕД

**Кој се плаши од лошата овца? А, кој тоа си игра денес? Музејски галеничиња, или несфатени „игромани"?**

Еден „фин" уметник ми рече: „И јас би можел да донесам овца во галерија и да изложам некои глупости". Еден друг човек се плаши дека „наскоро ќе имаме ликовна уметност без облик, музика без тон, литература без збор".

Нешто од ова спаѓа во доменот на психопатологијата, а нешто во оние „страшни", бездруго „подземни" ходници на субкултурното живеење. Дали го има?

Ретко, ама се наоѓа. Пример: Глигор Стефанов, Симон Узуновски Венко Цветков. Заедничка работа за нив е ликовното делување кое се спротивставува на владеачкото во нашава средина (затоа што во белиот свет појавите кои кај нас се третираат како нови и експериментални постојат поприлично долго).

I случај: **Создавање надвор од „естетските храмови": (музеите и галериите):** 1981 г. — кога и Глигор Стефанов беше на помлади години направи т.н. „Инсталации" на плоштадот во Кавадарци. Тоа беа објекти составени од предмети, чија „необична сиромашност" (конопено платно, древени греди...) сугерира **поинакво** сфаќање на уметничкото дело и на односот уметник-гледач: „Во галерија, која не прави никакви отстапки, изгубен е односот уметник-реципиент. Едно од можните решенија е да се излага вон галерија. Јас, на пример, излагав и во кафеана. Кафеаната беше повод за интервенирање и контакт со посетителите" (Глигор С. во „М. Б." бр. 1431). Глигор работел и „Интервенции" во галерии, но сфатени како простори за пластично промислување „додека ѕидните површини беа само основа за цртање" (од каталогот за изложбата „Линеарен амбиент", Галерија СКЦ, Белград).

1978-„Инсталација" на Симон Узуновски во холот на Филозофскиот факултет во Скопје. „Творбата која јас ја нарекувам „Тркалајка" која се состоеше од повеќе творби, во една спонтана интервенција од страна на еден од присутните се претвори во женска фигура која ја нарековме „Марија". Тоа што јас го направив беше само промена на визуелните компоненти на еден секојдневен простор. Но, тој ги провоцираше луѓето да делуваат" — вели Симон.

Некои други обиди нема да раскажуваме, затоа што се ефемерни во однос на она што го работат нивните протагонисти.

II случај: **Користење на елементи од субклутурна иконографија во конвенционално презентирање:** Венко Цветков и Слободан Живковски. Тие работат слики кои ја експонираат „естетиката на грдото" и не се многу згодни за ѕидовите на пријатните домашни амбиенти (сиров, вознемирувачки колорит; декоративност; експресивност; нагласена тематска ангажираност кај Венко Ц. кој напишал: „Во основите на современите општествени односи, односи на тоталитаристичките идеологии на индустриската продукција, јас ги користам и критички ги обработувам естетските продукти на тие односи").

Овие примери се далеку од некоја традиција. Но, дали нема да станат тоа свесно или несвесно? Патем речено, веќе имавме изложба, која „и покрај концепциската широчина" се обиде на конвенционален начин да ги третира овие појави, а и галериите почнаа да се отвораат. Кој кому, не е познато. Играта останува игра, но до кога (од втор ред)?

**ВАЛЕНТИНА ВЕЛЕВСКА**